Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11),, како и врз основа на член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14 и 116/14) министерот за образование и наука ја утврди наставната програма по ликовно образование за VII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со аутизам во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта.

АДАПТИРАНА
НАСТАВНА ПРОГРАМА
ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО
АУТИЗАМ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

VII ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, август 2014

## 1. Вовед

Предметот ликовно образование преставува составен дел од концептот за деветгодишнообразование. Се изучува како задолжителен предмет во третиот период од основното образование од VII до IX одделение со по два часа неделно, односно 72 часа годишно.

Ликовното образование нуди можност застекнување трајни и употребливи знаењаи вештини за ликовно изразување.Тоа им помага на учениците да го спознаат светот и да сеинтегрираат во него.

Преку наставата по ликовно образование се поттикнува психомоторниот, емотивниот и интелектуалниот развој на учениците, се развива и нивната фантазија и чувство за естетско проценување. Ученикот/ката учи да набљудува , да ги спознава уметничките вредности и да воспоставува врска со уметноста којаќе биде присутна во текот на целиот негов/нејзин живот.

Ликовното образование се темели на процесот наистражување и творењето. Тоа ги уважува и ги следи развојните фази на учениците занивното ликовно изразување и творење.Однаставникот бара креативени флексибилен пристап во реализацијата на наставата според интересот испособностите научениците.

Предложените активности и методи во наставната програма овозможуваат интеграција на содржините на програмата поликовно образование со содржините напрограмите по другите задолжителни изборни програми.

.

## 2. ЦЕЛИ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД VII ДО IX ОДДЕЛЕНИЕ

Учеикот/ученичката

-да ги проширува своите знаења за ликовниот јазик и ликовното изразување;

-да развива интерес, фантазија и креативност за ликовно изразување;

-да ги изразува самостојно и слободно своите сознанија,чувства, доживувања и впечатоци, мислии фантазии со помош на ликовниот јазик и творештво;

-да ги применува стекнатите знаењаи вештини заликовноизразување;

-да ги негува културно-хигиено-техничките и работните навики;

- да гради позитивен однос конкултурното наследство од различни етнички заедници;

-да стекнеосновни познавања од историјата на уметноста и теоријата на уметноста;

-да ја воспriema природата и средината во којаштоживее како естетска вредност, инспирација за ликовно истражувањеипростор заликовно делување;

-да гопочитува своето и ликовното изразување на другите;

-да сеослободува од стрес, емоционална напнатост преку ликовното изразување;

-да го проширува иприменува знаењата во користењето на информатичката технологија воликовното изразување.

## 3.ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА VII ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

-да запознава ликовнипоими и да користи нови термини вонаставата поликовнообразование;
-да користи разни ликовни материјали и да усовршува техники за цртање,сликање,обликување во просторот моделирање и градење,графика, визуелни комуникации и дизајнот во ликовното изразување;
-да ја развива способноста за аналитичко набљудување и забележување на слични и разновидни форми во природата и ликовните дела;
-да забележува,воочува и применува видови и богатство на линии и нивен сооднос;
-да стекнува сознанија за боите и нивните основни колористички односи;
-да го развива елементарно чувство за просторот( надворешен,внатрешен,природен,функционален);
-да умееда компонира ликовни елементи ( линија,форма, боја, волуме,површина) и да формира естетска целина;
-да умееда направи избор на идеја,активвност и средства и да состави ликовна творба;
-да умее вербално да ја објасни ученичката торба или уметничкото дело и дасе поттикнува на сопствена естетска процена;
-да прави разлика на уметнички дела од различни уметнички подрачја ( цртање,сликање, графика, архитектура);
-да ги препознава визуелните медиуми и средства и нивна функција;
-да уме да јакористи компјутерската техника за ликовно изразување;
-да го развива интересот заестетските вредности создадени низ историјата.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ***Цртање*** (ориентационо 16 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>-да перцепира разлики на линеарни густини воприродниот простор;<br>-да се поттикнува да користи линии со различен интензитет;<br>-да се оспособува да преставува текстура со користење линии со различни насоки и густини;<br>-да се оспособува да гради композиција со компонирање на линии , текстури, тонски вредности,големини;<br>- да усовршува техники и постапки во цртањето зависно од средствотоза цртање;<br>- да се поттикнува да изразува ритам и контраст на линии и облици;<br>- да се поттикнува да користи постапка за добивање на различен тон и различен интензитет на линијата;<br>- да стекнува вештини за употреба на пигментот како ликовен материјал;<br>-да се поттикнува да ги усовршув вештините за користење на техниките цртање со лавиран туш;<br>-да се запознае со делата на тројца истакнати автори( домашни и странски). | Ликовни елементи и принципи во цртањето<br><br>Средства за цртање и нивната употреба<br><br>Цртање<br><br>Естетско проценување | Густина на линии (повторување)<br><br>Кадрирање<br><br>Тонска вредност<br><br>Текстурна вредност<br><br>Градација<br><br>Композиција | -Набљудува (директно или преку фотографии и дуги визуелни средства),геолошки наслојки-отфрли природни појави и на нив воочува тон, текстура, густина и карактер на линии-со помош на наставникот<br>-Со туш монохромно црта мртваприрода и притоа изразува градација на тон, светло-сенка-прво црта наставникот,па по него ученикот;<br>-Црта мотиви од непосредната околина кои овозможуваат примена на линијата како текстура,контура ( инсекти, ентериер)-им се даваат неколку цртежи како примери;<br>-Црта луѓе и животни во група ипреку цртежот преставува активност и движење (спортисти, играорци, стадо) по даден пример;<br>-Црта со пигменти и истражува разни постапки- со помош на наставникот;<br>-Црта природа во различни годишни времиња и прикажува појави и слободно, креативно комбинира ликовни елементи и принципи-гледајќи дадени примери;<br>-Набљудува постапка на кадрирање на линеарни содржини во природата;<br>-Истражува постапки на забришување со крпче, памукк и сл. кои му овозможуваат добивање налинии со различен тон и интензитет на линиите ;<br>-Набљудува цртежи од познати македонски и странски ликовни уменици,на нив ја воочува улогата на линијата во однос на бојата и обликот. |

| ***Сликање*** (ориентационо 20 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>-Да се поттикнува да гивоочува и користи во својот ликовен израз;колористичките и другите естетски вредности во природата;<br>-да се оспособува да ги воочува разликите и компонентите на визуелниот простор на уметничките дела;<br>-да се поттикнува да прикажува форми кои се допираат,преклопуваат и разминуваат;<br>-да користи предходни сознанија зза мешањето на боите и самостојно да добива хроматски иахроматски бои иодноси на тонови;<br>-да се поттикнува да применува при сликањето комплементарен контраст на бои;<br>-да се оспособува да трансформира од хроматскиво ахроматски композиции и обратно;<br>-да се оспособува да врши синтеза на битното и елиминирање на небитните елементи и детали во сликањето;<br>-да се поттикнува да истражува и користи разновидни сликарски текстури во творењето;<br>-да се оспособува да ги усовршува техникитена сликање со акварел, гваж, пастел колаж;<br>-да се запознае со неколку дела на основоположниците на современото македонско сликарство и две/три дела на познати светски автори. | Средства за сликање и нивната употреба<br><br>Ликовни елементи и принципи во сликањето<br><br>Сликање<br><br>Колаж<br><br>Естетскопроценување | Хроматски и ахроматски бои<br><br>Сликарска фактура<br><br>Фигуративна композиција<br><br>Нефигуративна композиција<br><br>Валер | -Заедно со наставникот набљудува и открива во непосредната околинамотиви за ликовен израз со боја<br>-Слика облици кои се преклопуваат, допираат и смалуваат иизразува илузијанапростор ( пејсаж, улица, училница)-по даден пример со слика<br>-користи градација на тонот (валер) и слика мотиви од природата-во моментот да ја набљудува и слика природата<br>-во техниката колаж креативно прикажува контраст на облици, големини, бои.-со дадени примери од наставникот<br>-слика мотиви накои преку бојата изразува чувства<br>-Комбинира техники икористи разни постапки<br>-На ликовни дела забележува фигуратива или нефигуративна композиција- со примери од наставникот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Графика*(ориентационо 12 часа) | | | |
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>-да се оспособува да воочува ахроматски тонови и светло- темен контраст во природата;<br>-да се оспособува да изработува монотипија со контрасни бои;<br>-да стекнува знаења закомјутерска графика и нејзина примена;<br>-да се воведува во отпечатување графика во висок печат ( линорез, картонпечат, гипсорез);<br>-да се поттикнува да разликува графикаод компјутерска графика;<br>-да се запознава со репродуктивна графика во еднаили две бои. | Средства за печатење<br><br>Ликовни елементи во графиката<br><br>Графика | Компјутерска графика<br><br>Графички лист<br><br>Репродуктивна графика<br><br>Висок печат<br><br>Рамен печат | -Заедно со наставникот јанабљудува непосредната околина и воочува светло-темен контраст;<br>-Користи мотиви и црпи идеи за ликовен израз од своето опкружување од дадена слика;<br>-Во техниката монотипија во две или повеќе бои преставува симетрија;<br>-Со компјутер создава графика по сопствена замисла и истата ја отпечатува на принтер-но со предходен пример од наставникот;<br>-Преку отпечатување на висок печат се запознава со графичкиот материјал,алатот и помагалата за печатење;<br>-На картон печатот додава разни природни и вештачки материјали за да прикаже текстура. |

| ***Скулптура*** (ориентационо 12 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>-да се запознава со минијатурна, галериска скулптура во отворен простор, монументална скулптура<br>-да сеоспособува да разликува типови на полна пластика<br>-да сеоспособува во творењето да компонира големо-мало, плитко -длабоко,компакно, перфовирано, структуирано;<br>-да се поттикнува да ги разбира сознанијата за феноменот наликовната тродимензионалност од сопственото опкружување и предходните искуства<br>-да сепоттикнува да применува при обликувањето разни постапки ( градење, додавање,одземање,кинење, составување, врзување,превиткување, ковање)<br>-да се оспособува да составува од готови (најдени предмети) и разновидни материјали (метал, дрво, хартија, пластика) ликовна целина)<br>-да се запознава со улогата наа скулптурата и нејзините манифестации во секојдневниот општествен, културен, социјален, професионален и естетски живот.<br>-да се запознае со дела на тројца познати автори( светски/и /или/домашни) | Средства за моделирање / градење (материјали и техники)<br><br>Ликовни елементи и принципи во скулптурата (форма, простор, големина, структура, боја, линија, композиција, акцент, пропорција идр.)<br><br>Моделирање/ градење | Композиција<br><br>-Волумен<br><br>-Плиток рељеф (барељеф)<br><br>-Длабок рељеф<br>-Полна пластика<br><br>-Минијатура<br><br>-Галериска скулптура<br><br>-Монумент | -Преку компаративен материјал да се запознае со видовите на тридимензионален израз ( минијатура, мала скулптура, галериска скулптура, скулптура за отворен простор и монумент) наставникот да покажува, насочува<br>-гостување на ликовен автор во училиштето<br>-организирање форми на творење<br>-да користи разни скулпторски материјали и алатки од дрвоилиметал,камен, пластика-да истражува и сензорно да ги забележува<br>-да користи различни атипични материјали, алатки,предмети и помагала |

| *Дизајн и визуелни комуникации* (ориентационо 12 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>-да го препознава значењето на единството, практичното и естетското во предметите за секојдневна употреба;<br>-да се запознава со идустрискиот дизајн и неговата примена во секојдневниот живот;<br>- да се оспособува да изработи дизајн за производ;<br>-да се поттикнува да користи орнаменти, ритам;<br>-да се поттикнува во народниот вез да препознава стилизирани форми и да ја открива нивната симболика;<br>-да се оспособува да користи компјутер за изработка на дизајн. | Ликовни елементи и принципи во дизајот и визуелните комуникации<br><br>Дизајн<br><br>Визуелни комуникации | Амбалажа<br><br>Омот<br><br>Орнамент<br><br>Индустриски дизајн<br><br>Применета уметност | -Набљудува дела од графичкиот и индустрискиот дизајн- заедно со наставникот;<br>-Разгледува амбалажа и омоти, го забележува дизајнот-од омилена чоколада,храна;<br>-Изработува нацрт за амбалажа- со даден пример;<br>-Изработува нацрт за омот- по даден пример;<br>-Користи ритами црта дезен- по даден пример;<br>-Стилизира форма од флората и фауната ијакористиво ликовниот израз.-со помош на наставникот;<br>-Декорира разни украснипредмети (чинии, грнињa, шишенца, мали тегли ..);<br>-Го користи орнаментот-по даден пример;<br>-Применува сликарски,цртачки, скулпторски материјали и техники и истите по потреба ги комбинира.<br><br>. |

## Напомена за начинот на планирање и реализација на наставите програми

Во паралелките во Посебните основни училишта и во посебните паралелки при редовните училишта составот на учениците е хетероген. За учениците со посебни образовни потреби, согласно видот и степенот на попреченоста, треба да се практикува строго диференциран и индивидуализиран пристап во рамките на воспитно- образовниот процес. Ваквиот приод е во функција на нивните индивидуални специфичнипотреби, а се очекува да резултира со развивање на индивидуалните потенцијали и секако максимални академски постигања.

Значи наставниците кои реализираат настава со овие ученицитреба:

- да се обидат при изготвувањето на планирањето ( доколку видот и степенот на попреченоста на ученицитево паралелката го дозволува тоа) да планираат исти содржини, цели иактивности за целата паралелка;

-за учениците во паралелката чијвид и степен на попреченост не дозволува наставниците да планираат исти содржини,цели и активности за целата паралелка, тогаш за нив треба дапланираат парцијална партиципација во рамките на содржините, целите и активностите кои ги реализира целата паралелка.

-доколку видот и степенот е многу сериозен наставникот пристапува кон изготвување на интерениндивидуален образовен план за тие ученици во рамките на адаптираните наставни програми ( при изготвување на ИОП наставникот може да користи наставни содржини и цели и од наставнитепрограми од предходните учебни години. Кога наставникот во ИОП користи наставни содржинии цели и од наставните програми од предходните учебни години, треба да го наведе одделението,содржините, како и целта на нивно повторно обработување.

## 5. КАРАКТЕРИСТИКИ НАУЧЕНИЦИТЕ СО АУТИЗАМ И ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните содржини од предметот ликовно образование даваат можност за интегрирано целно и содржинско поврзување со останатите наставни предмети. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности.

Сите луѓе со аутизам имаат некои основни симптоми во следниве области:

**Социјални интеракции и меѓучовечки односи**

-Позначајни проблеми во невербалната комуникација, како што е гледањето воочи, изрази на лицето, држење на телото,

-Неможноста да воспостави пријателства со деца на иста возраст,

-Недостаток на интерес за споделување на радоста, грижите или успехот на другите луѓе,

-Недостаток на емпатија. Луѓето со аутизам имаат потешкотии во разбирањето на чувствата на другите луѓе, како што е болката или тагата.

**Вербална и невербална комуникација**

-Каснење во говорот или недостаток од него

-Проблеми во започнување на разговор

-Стереотипен јазик и употреба на повторувачки зборови

- Потешкотија во разбирањето на ставовите на лицата со кои водат разговор. На пр. Лицето со аутизам може да не разбере кога некој се шегува

-Можат да ја протолкуваат комуникацијата од збор до збор и не се во можност да ја разберат поракта

**Намаленин интерес за активности или игра**

-Невообичаено внимание врз играчките. Помалите деца со аутизам често се фокусираат на делови од играчките, какошто се тркалата на автомобилот и не игра со целата играчка.

-Потреба за рутина

-Стереотипно однесување,
Симптомите на аутизам најчесто се забележуваат прво од страна на родителите или други лица вопрвите 3 години од животот на детето.

**РАБОТИ НА КОИ ТРЕБА ДА СЕ ВНИМАВА ПРИ ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЛИКОВНАТА АКТИВНОСТ**

- **Обезбедување на визуелна подршка**- Децата со аутизам често се високо визуелни ( потребни им се визуелни модели, визуелни инструкции).Визуелни модели- може да биде се што ќе може детето да го инспирира(играчка, слика, цртање од страна на возрасни). Визуелни инструкции- може да бидат сликовни или пишани и да обезбедат јасна структура и очекување.
- **Менување на задачи во повеќе делови**-Ако е потребно објектот што се црта може да се подели на делови. На пр. Цртање на куќа се мисли на цртање на две хоризонтални линии и две вертикални линии, потоа две линии што доаѓаат од врвот до дното, правејќи триаголник итн.
- **Да се обезбеди физичка, сензорна подршка**- Ако детето ги користи материјалите несоодветно обезбеди им замена ( ако џвака четка обезбеди нешто соодветно за џвакање) Некои шкрабања ќе започнат во ред, потоа понесени од кинестетското чувство децата прават удари. Треба терапевтот да обезбеди нежен притисок на зглобот или рамото не детето, а со тек притисокот да се намалиод нашата рака.
- **Работата на детето да не се обесхрабрува**- Да се прослави нацртаното,
- **Да се даваат имиња на изолираните шкрабања**- на тој начин му се помага на детето визуелно да ја изолира сликата, да почне абстракно да размислува и да отвара начин за прешематско цртање. Базичните шкрабања да се персонализираат (вертикалните линии се пруга или тигар, точките се пуканки). Не е на одмет и и вклучување на звук, песна, слика, приказна.
- **Децата со аутизам имаат потреба од ред и организирање**- затоа се користи техниката на секвенци во бои, потреба боите да се користат во правилен ред, како виножито шема (ROYGBIV), red, orange, yellou, green, blue, indigo, violet.
- **Етикетирање на бои**- Ова вклучува етикетирање- човек, зграда, случка во одредена боја. Пр. Понеделник е црвен. Која е причината за избор на одредена боја тешко може да се утврди.

**Работата со скулптури е многу тешка**. Дводимензионалната работа- цртање или боење е обично полесна да се замисли . Но Тродимензионалното творење е поврзано со доцнење во развојот и тактилна одбрана

Треба да се земе во обзир дека кај аутистичните деца имагинативната игра е сиромашна, а кај некои и непостои. Тоа има големо влијание врз изведување на активностите со моделирање во 2Д, 3Д. Препорака е многу да се влијае во создавањето и развивањето на имагинативната игра, за да може да се примени наставната тема Моделирање и облијување во просторот.

Кај децата со аутизам познато е дека не сакаат да бидат извалкани, па често работата со темпера, акварел, водени боици, боење со прсти и цели раце преставува проблем. Не треба да се откажуваме, туку постапно ( пр. Валкање на само еден прст, потоа на два, па цела рака) во подолг период.

Покрај целта на ликовното образование- Запознавање со материјалите за работа и уметничко изразување, треба да се обрне големо внимание на чувствата и емоциите на децата при изведувањето на дадената активност, а да не се потенцира добиениот продукт. Сепак некои деца немаат развиен говор, па единствената комуникација им преставува сликата и говорот преку слики. Може да се открие некоја желба, тага, љубов, љубомора, траума. Таа активност може да се интегрира со останатите предмети.

Годишен фонд на часови:

| | ТЕМИ | Број на часови |
|---|---|---|
| 1. | Цртање | 16 часа |
| 2. | Сликање | 20 часа |
| 3. | Скулптура | 12 часа |
| 4. | Графика | 12 часа |
| 5. | Дизајн и визуелни комуникации | 12 часа |
| Вкупно: | | 72 часа |

* *Забелешка: Бројот на часовите е даден ориентационо.*

**Наставни средства:**

- разни извори на учење од непосредната околина (предмети во природата и околината);
- дидактички средства и материјали;
- визуелни средства (предмети од непосредната околина, репродукции, детски творби, апликации и сл.);
- слајдови, сликовници, списанија и сл.;
- аудиовизуелни средства (ТВ, ДВД-плеер, видео-плеер, дигитален фотоапарат, дигитална камера, мобилен телефон, компјутер и други средства зависно од предметот);
- Интернет, образовни софтвери.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за ликовно творење, колективната соработка и сл. (формативно оценување). Во текот на годината наставникот користи комбинација на описно и бројчено оценување. На крајот на наставната година се изведува само бројчена оценка.

Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се телели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со Решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во VII одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Факултет за ликовни уметности – педагошки оддел;
- Факултет за ликовни уметности – со дополнително положено група педагошки предмети;
- Дополнителна дефектолошка дообразба.

## 9. Потпис и датум на утврдување на наставната програма

Адаптираната наставната програма по ликовно образование за VII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со аутизам во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта, врз основа на утврдената соодветна наставна програма за девтегодишно основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-14393/1 од 10.09.2014 година
Скопје

Министер

______________________________

Abdilaqim Ademi

Изготвил: работна група, координатор Зоран Мазновски, советник
Контролирал: Трајче Ѓорѓиевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор